***Број: 02 - 9043/2***
***26.06.2008 година***
***С к о п ј е***

***З А П И С Н И К***
***од XXXVI - та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*одржана на 26.06.2008 година во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, преставник од Министерството за здравство, претседател;*
- *Др. Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Др. Страшо Наумоски, преставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р. Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р. Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, преставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *М-р. Марјана Лончар Велкова, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *Трајче Леов, преставник на Стопанската комора на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски , директор на ФЗОМ;*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии (делумно присутна);*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси (делумно присутна);*

- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Златко Алексов, помошник директор за јабвни набавки (делумно присутен);*
- *Лидија Маркузанова, началник за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Цветанка Кормушоска, стручен соработник во одделението за договарање и преговарање со здравствените установи (делумно присутна);*
- *Др. Ана Петрова, началник на одделението за контрола (делумно присутна);*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, стручен соработник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата, утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXV седница на У О одржана на 16.05.2008 година.*

1. *Разгледување и усвојување на квартален извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари - март 2008; (точка одложена од XXXV седница)*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Информација и разгледување на Програмата на Владата за ослободување од плаќање на придонес на одредени категории лица;*
4. *Квартален буџет на Специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;*
5. *Информација за постапувањето по акциониот план на ex-ante контролата;*
6. *Измена и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година;*
7. *Предлог - ребаланс на Буџетот за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
8. *Одлука за утврдување на оддалечени рурални места ( Утврдување на пречистен текст);*
9. *Листа на лекови на товар на ФЗОМ - Бисфосфонати ( точка одложена од XXXV седница)*
10. *Поднесоци од областа на работните односи;*
11. *Разно*

*Потоа праша дали има и други предлози за дополнување на дневниот ред.*

*Др. Страшо Наумоски предложи да се прошири дневниот ред и со барањето од Лекарската комора испратено до Фондот за здравствено осигурување на*

*Македонија, во врска со иземање од буџетот на одредени лекови кое би било ставено под точката разно.*

*Менаџерскиот тим на Фондот напомена дека за предходно наведеното барање е потребно предходно да се даде соодветно стучно мислење за да може да се одлучува по истото, па поради тоа членовите на Управниот одбор се согласија барањето заедно со стручното мислење да биде на дневен ред за следната седница.*

*По ова, Управниот одбор го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXV седница на Управниот одбор одржана на 16.05.2008 година.*

*1. Разгледување и усвојување на квартален извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари - март 2008; (точка одложена од XXXV седница)*
*2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*3. Информација и разгледување на Програмата на Владата за ослободување од плаќање на придонес на одредени категории лица;*
*4. Квартален буџет на Специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;*
*5. Информација за постапувањето по акциониот план на ex-ante контролата;*
*6. Измена и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година;*
*7. Предлог - ребаланс на Буџетот за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
*8. Одлука за утврдување на оддалечени рурални места (Утврдување на пречистен текст);*
*9. Листа на лекови на товар на ФЗОМ - Бисфосфонати точка одложена од XXXV седница);*
*10. Поднесоци од областа на работните односи;*
*11. Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*- Усвојување на записникот од XXXV седница на УО одржана на 16.05.2008 година.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека неговото излагање по точката 5 од дневниот ред наведена во записникот треба да се прецизира и да гласи: „Љубиша Каранфиловски потсети дека матичните стоматолози одржаа протести. Протестите беа пред Министерството за здравство, па поради тоа ни недостигаат информации што договориле со Министерството како би можеле да одговориме на барањето.“*

*Исто така укажа дека при гласањето по барањето на Стоматолошката комора не треба да стои дека бил воздржан туку бил против отфрлање на барањето.*

*Со внесување на оваа забелешка, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXXV седница одржана на 16.05.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Разгледување и усвојување на квартален извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари - март 2008 година*

*По предлогот на Љубиша Каранфиловски, член на Управниот одбор од минатата седница да се одложи оваа точката од причина што материјалот за оваа точка бил поделен пред почетокот на седницата, истата подетално се разгледа на оваа седница.*

*Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии во своето излагање направи детален приказ за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за периодот јануари - февруари 2008 година односно анализа за финансиските податоци на Фондот. Првенствено се осврна на приходите на Фондот, за остварените вкупни приходи во периодот јануари - февруари 2008 година кои споредени со остварените приходи за истиот период во 2007 година бележат зголемување од 9,14%. При тоа истакна дека планираните вкупни приходи за периодот јануари - март 2008 година изнесуваат 4,303.089 илјади денари или просечно 1.434.363 илјади денари, при што во споредба со планираните, остварените приходи се поголеми за 5,6%, што е резултат на зголемената наплата на придонесите врз основа на зајакнатите контроли и наплата на придонес од минати години. Додека пак за остварените вкупни расходи наведе дека во периодот јануари - март расходите се остварени во износ од 4.749.395 илјади денари, што преставува просечен месечен расход од 1.583.132 илјади денари, односно дека остварените расходи за периодот јануари - март 2008 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2007 година бележат зголемување од 34.66%. Покрај подеталното анализирање на финансиските податоци на Фодот во своето излагање се осврна и на финансиските податоци на ЈЗУ за периодот јануари - март 2008 година.*

*Снежана Костадиноска Милошеска - заменик претседател на Управниот одбор, наведе дека до Управниот одбор треба да се доставаат подетални анализи за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Во согласност со барањето на Снежана Костадиноска Милошеска за доставување на подетални анализи за финансиското работење на Фондот, Ромела Поповиќ Трајкова на членовите на Управниот одбор им достави подетален преглед на остварени приходи за периодот јануари - март 2008 година.*

*Георги Тренкоски - директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, даде свое образложение дека причина за зголемување на расходите биле плаќањата за некои стари долгови како плаќањето на долгот кон ЕВН.*

*Констатацијата дадена од страна на Љубиша Каранфиловски за позитивниот и финансиски успешниот извештај за реализација на финансиските средства од буџетот на Фондот, ја поделија и другите членови на Управниот одбор.*

***По ова, Управниот одбор едногласно го усвои на кварталниот извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за јануари - март 2008 година***

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Директорот Тренкоски објасни дека е потребно да се утврдат референтни цени за лековите кои беа набавени по пат на тендер а тендерските количини се потрошени.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија објаснувањето по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 3 -*** *Информација и разгледување на Програмата на Владата за ослободување од плаќање на придонес на одредени категории лица;*

*Лазар Трајчев - помошник директор за правни работи, ги информира членовите на Управниот одбор за преземените активности од Фондот во врска со остварувањето на право на субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување. При тоа напомена дека Владата на Република Македонија од седницата одржана на 02.06.2008 година задолжи работна група во која има и преставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да достават предлог за начинот како ќе се врши ослободувањето од плаќањето на придонесот за здравствено осигурување во првите 18 месеци од вработувањето на млади лица до 27 годишна возраст и лица кои останале без работа врз основа на стечај, каде што доминантен сопственик била државата со над 50 %. При тоа како услов за субвенционирање на придонесот потребно е работадавецот овие лица да ги задржи на работа најмалку 2 години. При тоа напомена дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија постапувајќи по заклучоците на Владата презеде определени активности односно во соработка со Агенцијата за вработување изготви текст на договор за соработка, потоа изготви упатство за подрачните служби на Фондот за начинот и постапката врз основа на кои се остварува правото за субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување, направи текст на барање за остварување на право на субвенционирање за потребите на*

*работодавачите, изготви текст на договорот за субвенционирање на придонесот за здравстсвено осигурување, со кој се уредуваат односите помеѓу Фондот и работодавачите, воспостави контакти со Централниот регистар и Министерството за економија за утврдување на претпријатијата со доминантен државен капитал кои отишле во стечај и организира состанок со раководителите на подрачните сулжби на Фондот на 20.06.2008 година со цел да отпочне остварувањето на правото за субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување да отпочне на 23.06.2008 година. При тоа напомена дека нема сеуште податоци за тоа каков е интересот при спорведувањето на оваа реформа.*

*Др. Страшо Наумоски - член на Управниот одбор постави прашање дали Фондот ќе претрпи некои финасиски загуби при спроведувањето на оваа реформа.*

*Лазар Трајчев одговори дека за Фондот нема да има никакви финансиски загуби при реализацијата на оваа реформа бидејќи финансирањето ќе биде од буџетот на РМ преку Министерството за труд и социјална политика што впрочем и ќе се види од анализите кои ќе се направат после три месеци.*

***По ова објаснување, Управниот одбор едногласно ја прифати Информацијата за преземените активности на Фондот во врска со остварувањето на право на субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување за одредени катергории на лица и ја оцени позитивно.***

***ТОЧКА 4 - Квартален буџет на Специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;***

*Ромела Поповиќ Трајкова во своето излагање даде подетален приказ за кварталниот буџет на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ и при тоа укажа на тоа дека сите квартали редовно се пробиваат и дека е зголемен бројот на операции за разлика од минатата година кои се вршат во болницата. При тоа наведе дека специјаната болница за кардиохирургија „Филип Втори“ не преставува само реален финансиски проблем кој треба Фондот да го реши туку има проблеми и од медицински аспект. При тоа информира дека ќе се формира преговарачки тим за решавање на овој проблем.*

*Директорот Георги Тренкоски укажа на потребата што е можно поитно да се склучи нов договор со специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“ кој ќе биде доставен до Управниот одброр.*

*Борис Јосифовски, член на Управниот одбор даде свое мислење да се оформи некој орган со кој ќе се воведе механизам на контрола на бројот на оперативните зафати кои ќе се вршат во специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“ односно да се формира Комисија составена од врвни стручњаци кои ќе ги разгледуваат предметите и ќе одлучуваат кои пациенти во зависност од медицинската документација имаат навистина потреба да користат здравствени услуги во болицата „Филип*

*Втори“ и даде предлог во меѓувреме додека не се формира Комисијата таквите предмети да ги разгледува првостепената лекарска Комисија за упатување на лекување во странство.*

*Кон предлогот на Борис Јосифовски се приклучи и Љубиша Каранфиловски кој укажа на тоа дека има реални квартални пробивања односно пречекорувања на буџетот предвиден за специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ и го прифати предлогот додека не се формира Комисија која ќе ги разгледува предметите за лекување на пациенти во болницата „Филип Втори“, истите да бидат разгледувани од страна на првостепената Комсијата за уплатување на лекување во странство.*

*Страшо Наумоски укажа на тоа дека финансискиот проблем кој го има Фондот за здравствено осигурување во однос на болницата „Филип Втори“ е објективен и сето тоа е поради недостатокот на конкуренција која доведува до еден безизлез и нужност да се платат здравствените услуги од страна на Фондот кои се вршат во болицата. При тоа смета дека пред да се направи нов договор да се побара стучно мислење од стручни асоциации.*

*Љатиф Аљиљи - заменик на директорот укажа на тоа дека треба да се најде квалитетно решение за решавање на проблемот со пречекорувањето на буџетот за болницата „Филип Втори“, бидејќи Фондот е обврзан да ги покрие сите здравствени услуги кои се направени во болницата.*

*Аљбон Џемаили - претседател на Управниот одбор го праша менаџерскиот тим на Фондот за тоа каков е официјалниот став по ова прашање.*

*Директорот Георги Тренкоски заедно со менаџерскиот тим истакна дека го делат истиот став, односно го поддржуваат предлогот за формирање на комисија од стручни лица со добри познавања во областа на кардиохирургијата, која ќе ги разгледува предметите и ќе одлучува кои пациенти според природата на нивното заболување можат да користат здравствени услуги во болницата „Филип Втори“ и дека додека се формира таа комисија предметите да ги преземе првостепената лекарска Комисија за упатување на лекување во странство.*

*Др. Страшо Наумоски побара од менаџерскиот тим при составувањето на членовите на Комисијата да побара мислење од Лекарската комора.*

*Директорот Георги Тренкоски укажа на тоа дека при формирањето на Комисијата задолжително со допис ќе побараат стручно мислење од Лекарската комора.*

*На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

***Да се формира комисија од стручни лица со добри познавања во областа на кардиохирургијата, која ќе ги разгледува предметите и ќе одлучува кои пациенти според природата на нивното заболување можат да користат здравствени услуги во болницата „Филип Втори.“ До формирањето на комисија, предметите да ги преземе***

***првостепената лекарска Комисија за упатување на лекување во странство.***

***ТОЧКА 5 - Информација за постапувањето по акциониот план на ex-ante контролата;***

*Ромела Поповиќ Трајкова ги информираше членовите на Управниот одбор за извршените контроли на спроведување на акционен план од ex - ante финансиски контроли во ЈЗУ. При тоа укажа на тоа дека при контролата се постигнати позитивни ефекти, односно во врска со спроведувањето на препораките од Акциониот план од спроведените ex-ante финансиски контроли може да се констатира дека поголем број на здравствени установи ги испочитувале во голем број дадените задолженија. Најголемото непочитување на задолженијата од страна на здравствените установи е во невоведувањето на посебни служби или одговорни лица за планско - аналитички задачи, соодветни обуки, уредување на посебни постапки и процедури итн. и при исплата на плата на вработените непочитување на Колективниот договор и Спогодбата потпишани од Претседателот на гранковиот синдикат за здравство и Министерот за здравство.*

*Љубиша Каранфиловски како преставник од Сојузот на синдикатите на Македонија истакна дека инсистира на почитување на Колективниот договор како и на Спогодбата од страна на менаџерите во јавните здравствени установи особено при исплата на дежурствата на вработените, како и да се направи анализа за тоа каде таквото непочитување на Колективниот договор е најмногу застапено и анализа или категоризација на полесните и потешките услови за работа на работникот. Кон истиот став се приклучи и Снежана Костадиноска Милошеска.*

*Директорот Георги Тренкоски укажа на тоа дека непочитувањето на Колективниот договор односно финасиската недисциплина на менаџерите на јавните здравствени установи при исплатата на дежурствата го оневозможува понатамошно покачување на платите во здравствениот сектор.*

*Ромела Поповиќ Трајкова се приклучи на ставот дека треба да се даде анализа заедно со Синдикатот кои јавни здравствени установи не ги почитуваат одредбите од Колективниот договор, со цел да се спречат негативните ефекти кои произлегуваат како последица на непочитувањето на одредбите.*

*На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

***Да се направи анализа за формите, обемот и установите каде е присутно непочитување на Колективниот договор и анализа или категоризација на полесните и потешките услови за работа на работникот со цел за да се надминат негативните ефекти кои се наведени во информацијата од извршената ex-ante контрола во ЈЗУ.***

***ТОЧКА 6 - Измена и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година;***

*Златко Алексов, помошник на директорот за јавни набавки ги објасни измените и дополнувањата на програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година. При тоа истакна дека во врска во инвестиционите барања Подрачните служби на Фондот пропуштиле да достават податоци за бројот на шалтерските места во врска со предлогот на Владата за новиот тип на шалтерски пристап. Поради доставување на дополителните барања потребно беше да се направат овие измени и дополнувања на Програмата.*

*Членовите на Управниот одбор го прифати предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Измена и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година***

***ТОЧКА 7 - Предлог - ребаланс на Буџетот за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Ромела Поповиќ Трајкова подетално ги информираше членовите на Управниот одбор за предлог - ребалансот на Буџетот за 2008 година на Фондот. При тоа укажувајќи на тоа дека Фондот има законска обврска да изготви ребаланс на буџетот врз основа на макроекономски индикатори за 2008 година како и препораки и насоки дадени од страна на Министерството за финансии. Истакна дека ова е само првичен приказ на ребалансот на буџетот и дека подетален ребаланс ќе се изготви дополнително откако ќе се донесе ребаланот на буџетот од Владата на Република Македонија.*

***По ова објаснување, Управниот одбор едногласно го прифати Предлог - ребаланс на Буџетот за 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***

***ТОЧКА 8 - Одлука за утврдување на оддалечени рурални места (Утврдување на пречистен текст);***

*Од причина што Лазар Трајчев укажа на тоа дека го повлекува пречистениот текст на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места, Управниот одбор одлучи точката да се симне од дневен ред и да се разгледува на наредната седница.*

***ТОЧКА 9 - Листа на лекови на товар на ФЗОМ - Бисфосфонати (точка одложена од XXXV седница)***

*Од причина што за оваа точка не беа доставени материјали, Управниот одбор одлучи таа да се симне од дневниот ред.*

***ТОЧКА 10 - Поднесоци од областа на работните односи***

*Управниот одбор разгледа две жалби од областа на работните односи во врска со поведената постапка за утврдување на постоење на одговорност поради констатиран кусок на здравствените легитимации во Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје..*

*Цветанка Кормушоска, стручен соработник во ФЗОМ како претседател на комисијата која ја спроведе дисциплинската постапка, истакна дека поради откриениот кусок на здравствените легитимации за кои е направена материјална штета во износ од 801.506.50 денари како кусок од 16.030 парчиња здравствени легитимации, поведена е дисциплинска постапка во Подрачната служба - Скопје против магационерот Борис Бакев кој бил одговорен за магацинот каде се чувале здравствените книшки и бил непосредно одговорен за нивното чување. При тоа истакна дека Борис Бакев како лице кое ракувало со магацинот за здравствени легитимации не поседува никаква писмена документација во врска со приемот, издавањето и внесот на паричните средства, тетратка за евиденција како и не поседува никаков документ - записници за поплавата и кражбата во Подрачната служба. Смета дека пропуст кој потпомогнал да настане оваа ситуација е и несовесното водење на пописната постапка каде немало физичко пребројување на здравствените легитимации, со што би се утврдил нивниот кусок. Истакна дека дисциплинската комисија при своето совесно и детално водење на постапка заземала свој став дека непосредно одговорно лице за магацинот како и за чувањето на здравствените легитимации е магационерот Борис Бакев на кого му е дадено решение за престанок на работниот однос и Јасмина Смилевска поранешен раководител на правната служба во Подрачната служба Скопје која како негов непосреден претпоставен а потоа и раководител на Подрачната служба - Скопје била должна да го следи неговото работење.*

*Љубиша Каранфиловски постави прашање дали комисијата за спроведување на дисциплинската постапка имала сознание дека Борис Бакев ги продавал здравствените книшки.*

*Цветанка Кормушоска одговори дека тој не водел никаква евиденција за здравствените легитимации однсно истиот немал доказ со кој може да го оправда кусокот на здравствените легитимации.*

*Страшо Наумоски смета дека е запазена постапката во согласност со законските рамки од страна на Комисијата за спроведување на дисциплинската комисија.*

*Лидија Маркузанова - началник за човечки ресурси додаде дека неспорно е дека се работи за голем износ за кој сме законски обврзани да поднесеме и кривична пријава и при тоа напомена дека не било возможно да се најде*

*полесен начин за казна на работникот Борис Бакев, на кого му престана работниот однос.*

***По ова објаснување, Управниот однос едногласно одлучи да се одбие жалбата на Борис Бакев.***

*Слаѓана Пешевска - помошник на директорот за човечки ресурси, подетално ја образложи и втората жалба која е поврзана со овој случај и наведе дека одговорност е најдена и во тогашниот раководител на Подрачната служба во Скопје Јасмина Смилевска која како непосреден негов раководител на оделението за правни и административни работи, а подоцна и како Раководител на Подрачната служба - Скопје цело време била непосреден ракодовител на Борис Бакев и нејзина обврска била да ја следи целокупната негова работа и да ги забележи сите негови пропусти во работењето и поради тоа е казнета со парична казна во висина од 15 % од месечната плата во траење од 6 месеци.*

*Борис Јосифовски во своето излагање наведе дека е престрога казната за Јасмина Смилевска како поранешна раководителка на Подрачната служба - Скопје и дека таа не треба само поради функцијата што ја имала во тој момент да сноси толкава вина. Поради тоа предложи да се намали нејзината парична казна во висна од 15 % од месечната плата во траење од 2 месеци.*

***Управниот однос се согласи со предлогот на Борис Јосифовски и едногласно одлучи паричната казна на Јасмина Смилевска во висина од 15% од месечната плата наместо во траење од 6 месеци да се реализира во траење од 2 месеци.***

*Лидија Маркузанова го презентираше само информативно случајот за Мирко Лазаревски од Гостивар на членовите на Управниот одбор, и истакна дека неговата жалба до Управниот одбор е правно неоснована од причина што при ревизијата Врховниот суд пресудата на Апелациониот суд со која Мирко Лазаревски е вратен на работа ја укиннал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување.*

***Управниот одбор едногласно го прифати стручното правно мислење за овој случај како и тоа дека тој нема ингеренции да одлучува по ова прашање, при што остава да се реши по судски пат.***

***ТОЧКА 11 - Разно***

***11.1 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси ги образложи причините за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. При тоа укажа на фактот дека поради зголемениот обем на контроли во Подрачната служба - Скопје*

*потребно е да има посебно одделение за финансии и анализа и посебно одделение за контрола кое ќе има посебно одговорно лице, кое ќе се сконцентрира исклучиво на спроведувањето на контролата. Истакна дека поради потребата од стручен кадар и во другите одделенија во Фондот за здравствено осигурување на Макеоднија и во Подрачната служба - Скопје има потреба од отворање на нови работни места.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со измените и дополнувања по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***11.2 Информација од комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна кај приватните здравствени установи***

*Лазар Трајчев укажа на тоа дека по предлог на Управниот одбор се формира Комисија за оценување на услови за изрекување на договорна казна кај приватните здравствени установи, која достави информација за своето работење до Управниот одбор.*

*Страшо Наумоски истакна дека за прашањето околку договорните казни, нивната висина е дискутирано и на предходните седници на Управниот одбор. Напомена дека при изготвувањето на новите договори за следната година да се направат некои измени во таа насока преку кординација на Фондот со преставници од Лекарската комора, за да постои една усогласеност помеѓу тежината на повредата која ќе ја стори здравствената установа со висината на договорната казна. При тоа кажа дека несомнено е дека Комисијата за договорни казна ги следела законските и договорните рамки при изрекувањето на договорните казни.*

*Лазар Трајчев одговори дека со договорните казна нема можност за дискриминација и нееднакво третирање на здравствените установи.*

*Љубиша Каранфиловски ја подржа идејата да постои кординација и соработка помеѓу Фондот за здравствено осигурување и Лекарската комора при изготвувањето на договорите како и договорните казни кои ќе бидат прифатливи за двете страни.*

*Ромела Поповиќ Трајкова истакна дека менаџерскиот тим на ФЗОМ пред се ги штити интересите на Фондот и со воведувањето на договорните казни целта е да се научат лекарите да ги читаат и да ги почитуваат одредбите од договорот.*

*Лазар Трајчев укажа на тоа дека при изготвувањето на договорите за 2008 година за прв пат биле вкучени и преставници од Лекарската комора и тоа поради добра волја на Фондот да излезе во пресрет на здравствените установи.*

***Управниот одбор ја прифати Информацијата за договорните казни од страна на Комсијата и укажа на тоа дека со една кординираност помеѓу Фондот и Лекарската комора би се нашло едно заедничко прифатливо решение во поглед на договорните одредби и договорните казни.***

***11.3 Предлог мерки за надминување на актуелната состојба со Негорски бањи с. Негорци - Гевгелија***

*Управниот одбор во врска со прашањето за склучувањето на договорот помеѓу Фондот и Негорки бањи и периодот кога е поволно тој да се склучи, едногласно одлучи дека ќе го подржи ставот кој ќе го заземе менаџерскиот тим на ФЗОМ.*

***11.4 Предмети за кардиолошки случаи за користење на здравствени услуги во специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“***

*Ромела Поповиќ Трајкова во врска со овие предмети даде предлог истите додека не се формира Комисија која ќе постапува по нив, да бидат разгледани од страна на Првостепената лекарска комисија за упатување на лекување во странство.*

***Управниот одбор едногласно го прифати предлогот.***

***11.5 Барање на осигуреникот Дуков Љубе***

*Др. Ана Петрова го информираше Управниот одбор за предметот на осигуреникот Диков Љубе и укажа на тоа дека се работи за 14 годишно дете кое има 98% оштетување на двете уши и има потреба од надстандардни ортопедски слушни помагала. При тоа истакна дека родителите секои 4 години треба да набавуваат нови надстандардни слушни апаратчиња и бараат од Фондот да ја плати разликата момеѓу стандардните и надстандардните слушни апаратчиња. Напомена дека согласно член 43 од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала кога осигуреното лице бара да му се признае слушен апарат поинаков од страндардните апарати, Фондот ги поднесува трошоците до висината на стандардниот слушен апарат.*

***Управниот одбор го прифати стучното објаснување од преставникот на ФЗОМ и во согласност со правната регулатива го одби барањето на осигуреникиот Дуков Љубе.***

***11.6 Понуда за нова референтна цена за заднокоморна интраокуларна леќа од Кемо- Фарм***

***Управниот одбор едногласно ја прифати понудата од 1.076,25 дена да биде нова референтна цена за заднокоморна интраокуларна леќа (имплант), наместо досегашната цена од 2.800,00 денари.***

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 16.00 часот заврши со работа.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Даниела Јовческа Ѓуровска*** | ***Претседател,*** |
| | ***Аљбон Џемаили*** |